Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет, Центар за правно политички истражувања, Штип, Македонија

ТРЕТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2016**

Third International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD © 2016 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clpr.ugd.edu.mk.

**Печати / Print 2- ri Avgust- Shtip**
**Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = Социальные изменения в глобальном мире : зборник на трудови = proceedings = сборник материалов / Трета меѓународна научна конференција = Third international scientific conference = Третая международная научная конференция. - Штип : Универзитет Гоце Делчев = Shtip = Goce Delcev University = Штип = Университет Гоце Делчева, 2016. - 1052 стр. : табели ; 25 см

Трудови на мак., англ. и рус. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-353-9
I. International scientific conference Social change in the global world (3 ; 2016 ; Shtip) види Меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип). - II. Международная научная конференция (3 ; 2016 ; Штип) види Меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип)
а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 102150666

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research,
Shtip, Macedonia

THIRD INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD

Center for legal and Political Research

PROCEEDINGS

**Shtip, 2016**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет, Центр правовых и политических исследований (Штип, Македония)

ТРЕТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2016**

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Adoyi Onoja PhD, Nassarawa State University, Keffi, Nigeria, onojaa@yahoo.com
Afet Mamuti PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, afet.mamuti@unite.edu.mk
Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
Agor Sarkisyan PhD, University of Svishtov, Bulgaria, agop@uni-svishtov.bg
Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
Altin Shegani PhD, Faculty of Law, University of Tirana, Albania, altin_shegani@yahoo.com
Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
Bekim Beliqi PhD, University of Prishtina, Department of Political Science, Kosovo, bekim.baliqi@gmail.com
Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com
Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk
Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Haluk Aydin PhD, Faculty of Arts and Sciences, Balıkesir University, Balıkesi, Turkey, aydinhaluk@hotmail.com
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jusuf Zejneli PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, jusuf.zejneli@unite.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marieta Olaru PhD, Doctoral School in Business Administration, Research Center for Business Administration, Department of Business, Consumer Sciences and Quality Management, The Bucharest University of Economic Studies, Romania, olaru.marieta@gmail.com
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Marina Valentinovna Sencova (Karaseva) PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, smv@law.vsu.ru
Mato Brautović PhD, University of Dubrovnik, Croatia, mbraut@unidu.hr
Migena Leskoviku PhD, Law Faculty, European University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia , dr.naserademi@gmail.com
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Patrick Wautelet PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, patrick.wautelet@ulg.ac.be
Recai Aydin PhD, Associate Professor, Vice Rector of International University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, raydin77027@yahoo.com
Ruzica Simic Banovic, PhD in Economics, Senior Assistant - Lecturer, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Senada Sabic Selo PhD, Institute for International Relations, Zagreb, Croatia, senada@irmo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr
Tatjana Petrovna Suspicina PhD, Moscow Law Academy, Moscow, Russia
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Zoran Tomic PhD, University of Mostar, Bosnia and Herzegovina, zoran.tomic@sve-mo.ba

**Содржина / Table of Contents**

**LAW** ............................................................................................ **17**

THE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN THE MACEDONIAN SECURITIES LAW
**Marko Andonov, Kristina Misheva** .......................................................... 19

МОДЕРЕН - СОВРЕМЕН И УСПЕШЕН - ЕФИКАСЕН МЕНАЏЕР
**Bojo Беловски** ........................................................................................ 35

SOME SPECIFICS IN REGULATION OF CONTRACT ON ASSIGNMENT AND DIVISION OF PROPERTY INTER VIVOS IN SERBIAN AND MACEDONIAN LAW
**Novak Krstić** ............................................................................................ 53

APPLICATION OF THE PRINCIPLE OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT TO THE INTERNATIONAL LAW OF FRESH WATER RESOURCES
**Mihajlo Vučić** .......................................................................................... 79

THE INSTITUTION OF COMMON PROPERTY – FEATURES AND TYPES
**Emine Zendeli** ......................................................................................... 97

ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО
**Албана Метај-Стојанова** ......................................................................... 119

СТЕКНУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО ПРЕКУ СУРОГАТ МАЈКА- ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИСНКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ
**Арта Селмани-Бакиу** .............................................................................. 129

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕИСПРАВЕН ПРОИЗВОД ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО
**Марија Амповска** ................................................................................... 153

ALTERNATIVE FORMS OF LIABILITY IN THE CONTEXT OF APPEALS CHAMBER POWER - VIEW FROM THE ICTY
**Sasa Knezevic, Goran Djordjevic** ........................................................ 177

СРАВНИТЕЛЬНО-ПРАВОВОЙ АНАЛИЗ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА О ГРАЖДАНСТВЕ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ И БАЛКАНСКИХ СТРАН
**Вера Бабурина**........................................................................... 193

THE PRESIDENTIAL RIGHT TO PARDON AS AN INSTITUTE OF CRIMINAL LAW
**Besa Arifi**.................................................................................... 213

CONFIDENTIALITY IN MEDIATION
**Elizabeta Spiroska, Ivan Bimbilovski** ................................................... 235

КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОСТИТУЦИЈАТА: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА АНТИЧКАТА ПРАВНА УРЕДЕНОСТ
**Елена Максимова, Димитар Апасиев** ................................................ 249

HATE SPEECH - EUROPEAN STANDARDS AND EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS CASE LAW
**Darko Dimovski, Ivan Ilic** ..................................................................... 271

INTERNATIONAL PUBLIC LAW IN THE JURISPRUDENCE OF THE EUROPEAN COURT OF JUSTICE
**Sanja Đorđević Aleksovski** ..................................................................... 287

КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ ВО СЛУЧАЈ НА АБОЛИЦИЈА
**Олга Кошевалиска, Елена Максимова** ............................................. 305

DA MIHI FACTO, DABO TIBI JUS
**Марија Игњатовић** ........................................................................ 325

ARE KNOW-HOW AND INTELLECTUAL PROPERTY RIGHTS AN INITIAL REASON FOR JOINING FRANCHISING NETWORK
**Strahinja D. Miljković, Aleksandra Vasić, Goran Tišić** ....................... 339

THE APPLICABILITY OF THE INSTITUTE OF ADMINISTRATIVE SCIENCE IN THE MACEDONIAN LEGISLETION
**Jadranka Denkova, Andrej Angelovski** ................................................ 353

THE MEANING OF DISSUASIVE, PROPORTIONATE AND EFFECTIVE SANCTION IN DISCRIMINATION CASES
**Zaneta Poposka** .................................................................................. 367

МЕЖДУНАРОДНЫЕ СТАНДАРТЫ ОТПРАВЛЕНИЯ УГОЛОВНОГО ПРАВОСУДИЯ В ОТНОШЕНИИ НЕСОВЕРШЕННОЛЕТНИХ
**А.А. Анисимов, В.Г. Просвирнин** ....................................................... 383

ВЕШТАЧЕЊЕТО КАКО ДОКАЗНО СРЕДСТВО ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА НА АНГЛИЈА И ВЕЛС
**Никола Мицковски, Весна Трајановска** ............................................ 397

НЕЧЕСНИТЕ ДОГОВОРНИ КЛАУЗУЛИ ВО АВИОНСКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
**Борка Тушевска**.................................................................................... 415

КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ
**Ебру Ибиш** ........................................................................................... 443

LOCATIO CONDUCTIO ОД РИМСКОТО ПРАВО И НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИ „ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ“( I )
**Димитар Апасиев, Марија Амповска**................................................. 463

ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ КАЈ АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА
**Горан Коевски, Борка Тушевска, Дарко Спасевски**......................... 483

**POLITICS................................................................................................ 519**

МОЌТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ГЛОБАЛНАТА МЕЃУНАРОДНА СЦЕНА
**Милка Димитровска**............................................................................ 521

ЗАКАНАТА НА ТЕРОРИЗМОТ ВРЗ БАЛКАНОТ: МЕТА НА ТЕРОРИСТИТЕ ИЛИ ПОГОДНО ТЛО ЗА ШИРЕЊЕ НА НИВНАТА ИДЕОЛОГИЈА
**Ице Илијевски, Кире Бабаноски, Злате Димовски** .......................... 545

ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА КАКО ПРАШАЊЕ ПО БЕЗБЕДНОСТА
**Marina Andeva, Ivan Dodovski** ........................................................... 561

THE NATINAL SECURITY SYSTEM OF MONTENEGRO
**Xhemail Limani** ........................................................................ 577

MAKING GOVERNANCE OF GLOBAL FINANCE MORE ACCOUNTABLE: INSIGHTS FROM POLITICAL PHILOSOPHY AND ECONOMY
**Marin Beroš, Marta Božina Beroš** ........................................................ 593

POSITION OF THE WHISTLEBLOWERS IN THE UNITED NATIONS SYSTEM 10 YEARS AFTER SECRETARY-GENERAL'S BULLETIN ON PROTECTION AGAINST RETALIATION – HOW FAR HAVE WE COME?
**Marko Novaković** ........................................................................ 609

ISIS, MIGRANT CRISIS AND TURKEY'S ROLE AS PROTECTOR OF THE SECURITY OF EU
**Ivica Simonovski**, **Zeynep Ece Unsal** ...................................................... 619

RELIGION, TERRORISM AND WORLD POLITICS
**Elena Tilovska-Kechedji** ................................................................ 641

THE RISE OF ISLAMIC STATE OF IRAQ AND SYRIA (ISIS)-THREAT FOR GLOBAL PEACE AND SECURITY
**Kire Janev, Zlate Dimovski** ............................................................ 651

ПОЛИТИЧКИОТ ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО УЛОГАТА НА ГЛОБАЛЕН АКТЕР И ПРОБЛЕМОТ СО ЗАПОСТАВУВАЊЕТО НА ЗЕМЈИТЕ ОД ИСТОЧЕН И ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН-БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, Р. МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА
**Мики Рунтев** ............................................................................ 661

О ГАРАНТИЯХ ПРАВ МАКЕДОНСКОГО НАЦИОНАЛЬНОГО МЕНЬШИНСТВА В БОЛГАРИИ
**Наталия Бутусова, Стойко Стойков** ................................................... 677

ДЕМОКРАТИЈАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
**Ана Никодиновска Крстевска**, **Наталија Шикова** .......................... 697

НОВИ ФОРМИ НА ПОЛИТИЧКИ МАРКЕТИНГ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ
**Јован Ананиe, Игор Голубов** ........................................ 719

**SOCIETY ........................................ 741**
ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И КРЕИРАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ
**Драган Стефановски** ........................................ 743

HIDDEN POLITICAL, SOCIAL, ECONOMIC AND LITERARY THEORIES THAT SUPPORT THE AMERICAN DREAM AND ITS SURVIVAL
**Safaa Rabeeakh** ........................................ 759

STIMULATION OF CRITICAL AND CREATIVE THINKING PROCESS THROUGH PSYCHOLOGICAL WORKSHOPS AMONG POSTGRADUATE STUDENTS
**Eleonora Serafimovska, Marijana Markovikj** ........................................ 769

CULTURE AND LAW IN THE INTERCULTURAL COMMUNICATION AND COOPERATION
**Ranka Jeknić** ........................................ 791

SHAPING AND MODELING PERSONALITY IN PROCESS OF LONG LASTING TRANSITION – CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Marijana Markovikj, Eleonora Serafimovska** ........................................ 807

THE URBANIZED ALIENATION OF THE RELIGIOUS INDIVIDUAL — THE INNOVATIVE CONCEPT OF SOCIOLOGY OF RELIGION
**Karina Politkina, Tatyana Svetlichnaya** ........................................ 821

КОНСТИТУЦИОННЫЕ ОСНОВЫ ФОРМИРОВАНИЯ ГРАЖДАНСКОГО ОБЩЕСТВА В РОССИИ И ГОСУДАРСТВАХ ЕВРОПЫ
**Инна Стародубцева** ........................................ 827

THE PERSPECTIVE OF DECENT WORK IN CONDITIONS OF GLOBALIZATION
**Slobodanka Kovačević-Perić** ........................................ 837

РАЗВОДОТ НА БРАКОТ И СИМПТОМИТЕ НА СТРЕС КАЈ РАЗВЕДЕНИТЕ ЖЕНИ
**Хатиџе Исљами**........................................................................ 849

SOCIETY TODAY: THE CHALLENGE OF HUMAN RIGHTS AND THE WAY FORWARD
**Mirjana Sredojevic**........................................................................ 859

THE ROLE OF STEREOTYPES IN CREATING SOCIAL DISTANCE AND SOCIAL INCLUSION IN REPUBLIC OF MACEDONIA
**Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova**.............................................. 877

ANALYSIS OF THE DEVELOPMENT OF THE CONCEPT OF THE INFORMATION SOCIETY IN RUSSIA
**Anastasia Petukhova, Svetlana Krepysheva**........................................... 895

**MEDIA AND COMUNICATION ........................................................ 915**

WHAT PRINT MEDIA WRITE FOR WORKERS RIGHTS AND PROBLEMS IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE PERIOD 1.03.2014-31. 08. 2014
**Suzana Dzamtoska-Zdravkovska, Andon Majhosev** ............................ 917

ABDUCTION OF AN EGYPTIAN AIRCRAFT IN MARCH, 2016: DISCOURSE IN TRADITIONAL MEDIA AND INFORMATION SITES
**Plamen Atanasov**........................................................................ 933

INTERPRETATION OF NON-VERBAL SIGNS IN THE INSTANT INTERNET COMMUNICATION VIA VIBER AND FACEBOOK MESSENGER
**Nataša Jović, Borislav Vukojević, Bojana Miodragović**........................ 943

TWO-WAY COMMUNICATION IN REGIONAL POLICY: THE TECHNOLOGY OF SOCIETAL MARKETING.
**Daria Shcheglova** ........................................................................ 961

THE PHENOMENON OF RISING NATIONALISM AND XENOPHOBIA IN HUNGARY IN THE CONTEXT OF THE 2015/2016 REFUGEE CRISIS AND ITS REFRECTION IN CROATIAN MEDIA
**Nefreteta Zekić Eberhard**, **Tomislav Levak** ........................................... 967

HOW THE MEDIA IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA REPORT ON THE ACTIVITIES OF THE PUBLIC PROSECUTION OF RELATED OFFENSES ARISING FROM THE CONTENT OF THE ILEGAL INTERCEPRION OF COMMUNICATIONS IN THE PERIOD 1.04.-30.06. 2016
**Andon Majhosev, Zlatko Bakev**............................................................... 989

HATE SPEECH ON SOCIAL MEDIA IN REPUBLIC OF MACEDONIA
**Dejan Marolov, Strashko Stojanovski**.................................................. 1009

ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Диана Бошковска, Наташа Данилоска, Елизабета Џамбаска, Александра Лозаноска** ...................................................................... 1033

343.544:34(3)

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОСТИТУЦИЈАТА – СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА АНТИЧКАТА ПРАВНА УРЕДЕНОСТ

**Димитар Апасиев**

Доцент, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

**Елена Максимова**

Асистент-докторанд, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет elena.ivanova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Иако и денес проституцијата претставува социо-патолошка „тегоба“, таа има своја историска димензија, која говори за потребата од нејзино перманентно следење и проучување. Следејќи го човештвото во чекор, од самото појавување на цивилизацијата, започнува и потребата од нејзино третирање како сеприсутна аномалија, за што се наметнува како нужно навлегувањето во корените на појавата и нејзина детална анализа. Постои огромна доза на рефлексија на феноменолошките карактеристики на проституцијата од Римското право во позитивната криминологија, особено во поглед на појавните облици. Затоа во трудов, опфаќајќи ги криминолошките аспекти на проституцијата и нивната историска еволуција, навлегуваме во нејзиниот правен третман и ги согледуваме позитивните и негативните искуства од спротивставените ставови на државните апарати. Навраќајќи се на почетоците на третманот и криминолошките обележја, воочуваме колку и во каква насока се развила оваа социо-патолошка појава и какво влијание има нејзиното третирање и воопшто општествениот интерес, во насока на регулирање или сузбивање. На став сме дека сè она кое се провлекува со развитокот на човештвото – притоа останувајќи доследно во своето постоење, па дури и во појавните компоненти – заслужува да му се оддаде континуитет во проучувањето и компарирањето,

со цел да се дојде до заклучоци за причините, а и за потребата од појавата воопшто.

***Клучни зборови***: *проституција, проститутки, римско право, криминологија, прекршок.*

## CRIMINAL ASPECTS OF THE PROSTITUTION – WITH SPECIAL EMPHASIS ON THE ANCIENT LEGAL FORMULATION

***Abstract***

Although it is a modern socio-pathological "hardship", prostitution has its own historical dimension, which speaks to the need of its permanent monitoring and study. Following up the mankind, since the appearance of civilization, the need for its treatment as omnipresent anomaly begins, which imposes as a necessary intrusion into the roots of the phenomenon and its detailed identification. There is a huge doze of reflection of the phenomenological characteristics of prostitution from Roman law into the positive criminology, especially in terms of manifestations. Therefore, in this paper, covering criminological aspects of prostitution and their historical evolution, we get into its legal treatment and regarding them – positive and negative experiences from differing views of the state apparatus. Looking back at the beginning of treatment and criminological landmarks, we observe how much, and in what direction, this socio-pathological phenomenon is developed and what is the impact of its treatment, as well as the social interest in general, regarding its regulation or suppression. We are on the attitude, that the one that lingers with the whole development of humanity, while remaining consistent in its existence, even in emergent components, deserves our attention and continuity in studying and comparing, in order to get the conclusions about its causes, and the need of its appearance in general.

**Keywords**: *prostitution, prostitutes, Roman law, Criminology, misdemeanor.*

## Вовед

Општествените вредности и цивилизациската добробит отсекогаш знаеле да бидат загрозени од патолошките искривувања на елементарните човекови потреби и на природните нагони. Нарушувањата на сексуалните склоности изродиле палета на неморални и противправни поведенија која го следи човекот од примитивната доба, па сè до денес. Сепак, сексуалниот нагон во значителна мера е општествено условен, па т.н. **сексуални деликти** претставуваат камен на сопнување на најновите реформи на компаративното кривично право, бидејќи во оваа област редовно се вршат одредени измени и тоа на начин што се оди кон негова сè поголема *декриминализација* – пр. на прељубата, хомосексуалноста, проституцијата и сл.[1] Затоа, со цел подобро осознавање на појавата и еволуцијата на проституцијата до наши дни, како и на начинот на кој таа се третира – сметаме дека треба да направиме еден подетален историско-нормативен и споредбено-правен преглед на нејзиниот третман од Стариот век, па сè до денес.

## I. Проституцијата во Римското право

### *1. Правен третман на проституцијата во Рим*

Можеби звучи чудно и противречно, но древните Римјани - најверојатно под влијание на Лакедајмонците, односно Спартанците - имале дозвола својата жена да ја „позајмуваат“ на друг маж за една или за неколку вечери, а тоа да не се смета за подведување на **илегална проституција**. Првата одредба за забрана на т.н. брачна проституција ја среќаваме во *Кралските закони* (*Leges regiae* / ок. 500 год. пр.н.е.) и таа му се припишува ни помалку, ни повеќе туку на првиот римски крал – основачот Ромул (rex Romulus / вл. ок. 753–715 год. пр.н.е.). Зачуваниот фрагмент на одредбата гласи: „Оној кој [си] ја продава жената [како куртизана, треба] да се жртвува на подземните богови [заради тој недоличен чин на подведување на проституција]“![2]

Седум векови подоцна, со познатиот *Јулиев закон за прељуба* (*Lex Iulia de adulteriis coercendis* / 18 или 17 год. пр.н.е.)[3] – донесен во време на првиот римски принцепс Октавијан Август – за кривично дело **подведување**

[1]Види и кај Зоран Сулејманов, *Криминологија*, Графохартија, Скопје, 2009, 92.

[2]Cf. Plutarh, *Vitae paralelae – Romulus,* 22.

[3]Некои правни романисти сметаат дека овој Августов закон, всушност, е дел од поголемиот *Lex Iulia de maritandis ordinibus* (18 год. пр.н.е.) кој регулирал низа важни прашања поврзани со брачното право.

(*lenocinium*) се сметало и доколку некој дејствувал во својство на „стројник“ и го помагал извршувањето на прељубата: на пример, делувајќи како посредник (*procuress* или *leno*) т.е. „макро“; или дозволувајќи им на љубовниците да користат негови простории за швалерација – без оглед на тоа дали тој бил сопственик на бордел т.е. јавна куќа, или управител на јавна бања (*balneator*) или, пак, на некој друг објект каде што ќе се откриела нелегална проституција. Интересно е и тоа што оној маж кој ќе се оженел за жена која еднаш веќе била осудена за брачно неверство (*adulterium*), исто така бил третиран како leno.[4]

Подоцна, во I век по Христа, за време на вториот принцепс Тибериј, римскиот Сенат се обидел со построги одлуки да го оневозможи „женскиот блуд“ – забранувајќи да се занимава со **легална проституција** (*meretrix*) жена чиј дедо, татко или маж биле римски витезини т.е. припадници на редот на еквестрите. Имено, во римското лично право, како синоним за *проститутка* (*meretrices*), се употребувала описната фраза „жена која сака јавно да заработува пари со [продавање на] нејзиното тело“ (*mulier quae palam corpore quaestum facit*) – каде што терминот palam означува „[јавна] куќа која ја бие лош глас, т.е. кафеана [крчма, биртија или гостилница]…“.[5] Проститутките во Рим - како жени кои се занимавале со нечесно, но сепак легално занимање - биле третирани како „особи со сомнителен морал“ и, за разлика од другите неморални женски професии (*ludicra ars*) – пр. глумици, танчерки, тажачки, музичарки, крчмарки, масерки и сл., тие требало да бидат регистрирани од страна на курулските едили[6] и да добијат државна дозвола за работа, односно

[4]Andrew Borkowski & Paul du Plesis, *Textbook on Roman Law* (3rd ed.), Oxford University Press, Oxford, 2005, 129–130; & Adolf Berger, *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law*, Philadelphia, The American Philosophical Society, 1953, 543. Види и: Digesta, 3, 2 – *De his qui notantur infamia* (D. 3, 2, 4, 2 - *Ulpianus 6 ad ed.*); & Codex 4, 59 – *De monopoliis et de conventu negotiatorum illicito vel artificum ergolaborumque nec non balneatorum prohibitis illicitisque pactionibus*; C. 11, 41 – *De spectaculis et scaenicis et lenonibus*; C. 9, 9 – *Ad legem iuliam de adulteriis et de stupro* (C. 9, 9, 2 - *Imperatores Severus, Antoninus* [**sev. et ant. aa. cyro.; *a 199 pp.K.Iul.Anullino et frontone conss.*]: Crimen lenocinii contrahunt, qui deprehensam in adulterio uxorem in matrimonio detinuerunt, non qui suspectam adulteram habuerunt).

[5]D. 23, 2 – *De ritu nuptiarum* (D. 23, 2, 43 pr.+1 - *Ulpianus 1 ad l. iul. et pap.*: Palam quaestum facere dicemus non tantum eam, quae in lupanario se prostituit, verum etiam si qua [ut adsolet] in taberna cauponia vel qua alia pudori suo non parcit.; Palam autem sic accipimus passim, hoc est sine dilectu: non si qua adulteris vel stupratoribus se committit, sed quae vicem prostitutae sustinet).

[6]Според официјалниот римски „ред на честа“, курулските едили беа третирани како *нижи магистрати* без империум (*cum potestate*) кои, во хиерархијата на државните службеници, се наоѓаа веднаш над квесторите, а под преторите.

специјална лиценца (*licentia stupri*); а од времето на императорот Калигула, на државата морале да ѝ плаќаат и посебна такса (*vectigal meretricium*) која била одредувана врз основа на пријавената тарифа и просечниот број на клиенти кои ги опслужувала конкретната проститутка. Тие биле сметани за инфамни лица, дури и по престанувањето со занимање со оваа „срамна професија“ (*infamia*), бидејќи кога веќе еднаш биле впишани во списокот на проститутки, не постоела можност нивното име да биде избришано од таму! Ниту подоцнежниот легален брак, кој тие евентуално би го склучиле со некој Римјанин, па дури ни имањето законски деца не ги ослободувало од стигмата која ја носеле за цел живот како „обележани“.

Курулските едили (*aediles curules*) можеле, во секое време, да извршат инспекциски надзор во јавните куќи – кои, пак, не смееле да работат од рани зори, па сè до три часот попладне, кога официјално започнувало нивното регуларно работно време. Од друга страна, пак, едилите биле должни да им пружат правна заштита на проститутките во случај на насилство или измама сторени врз нив од страна на нивните клиенти или макроа и да ги принудат овие да си ги исполнат своите парични обврски спрема нив. Историските записи од I век н.е. говорат дека, во тоа време, само во градот Рим имало околу 30.000 легално евидентирани проститутки, а од правна гледна точка, повремените сексуални излети со нив не биле третирани како „љубовцииство“, односно како недзоволен сексуален однос (*stuprum*).[7] Впрочем, оваа категорија **бесрамни жени** (*turpes personae*) кои имале најниско потекло и најчесто биле робинки или ослободенички,[8] не можеле да бидат сведоци пред суд или наследнички на имот; не смееле ниту да посетуваат јавни игри, особено не оние кои имаа религиозен карактер; а им било забрането да носат накит и женска облека (*stola*) која била резервирана само за чесните римски жени (*matrona* или *femina stolata*) – па, затоа, тие најчесто носеле препашани машки тоги и косите ги боеле со живи бои, руса или црвена, по кои биле

Оваа магистратура за прв пат била воведена во IV век пр.Хр, поточно во 367 год. пр.н.е.

[7]Јавните судења за т.н. сексуални кривични дела насочени против семејството, половиот морал, моралната чистота, фамилијарната честитост и пристојноста – кои, за волја на вистината, биле едни од најчестите во Рим – биле под јурисдикција на специјален поротен суд кој бил наречен Постојан кривичен суд за прељуба, разврат и подведување, или уште попознат како „Адултериска квесција“ (*Quaestio perpetua de adulteriis* или *Quaestio adulterum*).

[8] При купопродажбата на робинки, чести биле договорните клаузули со кои се ограничувало правото на купувачот овој да ја искористи младата и привлечна робинка за вршење на проституција (*ne serva prostituatur*).

препознатливи од далеку. Сенаторите, како припадници на високата благородничка класа (*nobiles*), не смееле да се женат со вакви нечесни жени, ниту пак со жени чии татковци имале занимања поврзани со оваа „најдолна професија“.[9]

### *2. Видови римски проститутки*

а) Покрај „обичните“, во римското високо општество постоеле и т.н. **елитни проститутки**, односно *куртизани* од високата класа (*femina famosa* или *femina probrosa*), кои потекнувале од угледни семејства, а биле добро образовани и упатени во поезијата и уметностите. Овие „спонзоруши“ внимателно ги бирале своите богати клиенти, од кои за возврат не биле директно плаќани со пари, туку најчесто биле опсипувани со неразумно скапи подароци. Оттука, оваа форма на рафинирана проституција се приближува на она што во Хелада претставувале тамошните *хетери*.

б) Наспроти овие постоеле и најдолните форми на илегална проституција кои биле подведени под општиот назив prostibula (од *pro* + *sto* = „да се стои [простум] и да се биде изложен на [тезга за] продажба“), бидејќи овие т.н. **нижи проститутки** биле оние кои веќе го допреле општественото дно и најчесто стоеле на некои карактеристични јавни места, откаде што го добивале и името. Интересно е тоа што и кај нив постоел одреден вид на хиерархизација според угледот, бидејќи ги имало најразлични категории:

- „волчици“ (*lupae*) биле нерекувани оние кои оперирале во градските паркови или во околните шумички, каде што ги привлекувале муштериите преку испуштање на неартикулирани животински крикови;

- „дорјанки“ (*doris*) биле оние кои секогаш биле голи и без облека, на тој начин возбудувајќи ги оние кои ги гледаат;

- „балконџики“ (*pergulae*) биле оние кои ги привлекувале клиентите стоејќи на терасите од околните куќи во центарот на Рим, покажувајќи си ги своите женски атрибути и пленејќи ги минувачите со својата надворешна убавина, шарм и атрактивност;

[9]Berger, op. cit., 581 и 569; & Žika Bujuklič, *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*, Beograd, Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005, 382–383.

- „уличарки“ (*scrota erratica*) биле оние проститутки кои талкале низ римските улици и ги нуделе своите услуги низ тесните и темни сокаци, онаму каде што ќе им се згодело;

- „крчмарки“ (*blitidae* – доаѓа од називот на евтиниот алкохолен пијалак кој се служел по биртиите) биле оние кои се собирале во локалните кафеани кои, најчесто, биле посетувани од лумпен-пролетерите и таму ги нуделе своите развратни услуги;

- „лопатарки“ (*bastuariae,* доаѓа од batilum = „лопата“) биле оние кои во ноќните часови се врткале околу градските гробишта, а кои често биле ангажирани како тажачки на погребите;

- „кокошки“ (*galinae*) биле оние кои го спојувале блудничењето со пљачкањето, па често ги ограбувале оние со коишто спиеле доцна во ноќта;

- „друмски оросписи“ (*forariae*, доаѓа од foris = „надвор избркан“) биле оние кои стоеле покрај патиштата и им ги нуделе своите сексуални услуги на патниците надвор од Рим; и конечно, на самото дно од скалата, се наоѓале

- „курвите“ (*quadrantariae,* доаѓа од називот за „паричка“) кои се продавале многу ефтино, т.е. за помалку од една метална пара.[10]

## II. Проституцијата во компаративното казнено право

Во обид за било какво разбирање на проституцијата, можеби најдобро е да започнеме со класичната Улпинијанова[11] **правна дефиниција** која не се однесува на појавата, туку на лицето кое е опфатено со неа – па вели дека

[10]Bujuklič, op. cit., 384.

[11]Домициј Улпијан (Domitius Ulpianus / ок. 170–223 год.) е еден од најугледните правници од т.н. Класичен период на римското право. Роден е во феникискиот град Тир, но мошне млад дошол во Рим каде и се школувал. За време на императорите Септимиј Север и Антониј Каракала тој бил Папинијанов помошник (*assessor*); а во 222-та Александар Север, откако претходно го помилувал, го поставил за преторски префект (*praefectus praetorio*). На оваа должност и починал, шест години подоцна, кога го убиле неговите потчинети војници – преторијанци. Бил прилично плоден правен писател и неговиот опус опфаќа околу 280 книги кои, мошне често, се користат во Јустинијановата кодификација, каде што речиси 1/3 од текстот на *Дигестите* се состои токму од негови извадоци.

„проститутка е онаа жена која за пари го отстапува своето тело на поголем број мажи, без да се крие и без да избира“; додека, пак, *проституцијата* е објаснета како „љубовна вештина за стекнување материјални користи“.[12] Еден од најголемите и најперманентни проучувачи на проституцијата – Фернандо Енрике (Fernando Henriques), смета дека иако навидум дефинирањето на проституцијата се чини едноставно, фактот дека постојат толку многу дефиниции говори за тоа дека тоаа и не е така „едноставно“. Според него таа ги опфаќа сите сексуални чинови, па дури и оние каде што не доаѓа до директен полов однос, а што се изведуваат меѓу лица од ист или различен пол – но, со надокнада која не е од сексуална, туку од метеријално-финансиска природа.[13] Значи, она кое ги поврзува сите дефиниции е *комерцијалниот елемент* на проституцијата – па така, скоро секоја дефиниција ја објаснува појавата како компензација на сексуалната услуга за надоместок кој е од поинаква природа. Материјалните кривични законици на современите држави ја дефинираат проституцијата скоро на ист начин: на пример, некои сојузни американски држави во САД внесуваат дефиниции за проститутката како „жена која се подава на полови односи со или без награда“; додека, пак, евро-континенталните законодавства главно го реципираат поимањето на Римското право.

### *1. Историско-правен преглед проституцијата*

а) Покрај профаната, односно световната или т.н. лаичка проституција, уште од дамнина постоела и т.н. религиозна, односно **храмска проститција** под изговор дека се врши во чест на боговите, изразувајќи ја на тој начин огромната преданост и посветеност кон нив.[14] Најстарите сочувани правни одредби за ваква проституција се среќаваат во надалеку познатиот *Хамурабиев законик* (ок. XVII век пр.н.е.) кој потекнува од Месопотамија, поточно од

[12]Cf. O. Hans, *Procession in Illustrated History of Prostitution*, London, 1979, 19. На сличен начин проституцијата ја објаснува и Д. Радуловиќ.

[13]Љупчо Арнаудовски и Т. Стојановски, *Трговија со луѓе – криминалитет*, Сенпоинт, Скопје, 2002, 52.

[14]Издигнување на љубовната игра на ниво на религија имаме и во други култури и традиции. На пример, таков е случајот со *Тантра-јогата* наменета за парови, која пропагира дека е можно „просветлување“ за време на доживувањето оргазам; како и со древната индиска книга за тајните на сексуалната уметност – *Кама сутра* (доаѓа од *Kamashastra* = „Љубовен прирачник“), која најверојатно потекнува од I или II век н.е., а чијшто редактор е Маланага Ватсјајана.

Вавилон. Имено, членот §180 од овој древен законик се однесува на наследното субјективно право на проститутка која не добила татков подарок и гласи:

*Ако таткото не ѝ дал мираз на својата ќерка [која е храмска] посветеница или јавна девојка, па [потоа тој] умре – [таа] од татковата оставина ќе го добие [само] детскиот дел [кој законски ѝ следува] и ќе го користи [сѐ] додека е жива. [Кога и таа ќе умре,] нејзината оставина ќе [им] припадне на нејзините браќа.*

Носејќи огромни приходи, овој вид распространета античка проституција, кој претставувал предворје на трговијата со луѓе, го надминува раниот период на робовладетелството и го следи натамошниот развој на општеството, притоа разграничувајќи се во свои понапредни облици во кои опстојува до ден денес.[15] На пример, во Индија познати се т.н. *Девадаси* (*devadasi*), односно жени принудени на проституција во служба на хинду-божицата на плодноста Yellamma. Овој тип проститутки, всушност, биле проституирани од страна на нивните сиромашни родители, кои се јавувале како посредувачи. Имено, кога девојчето ќе достигнало одредена биолошка возраст, најчесто по првата менструација, нивната девственост била давана на аукција од страна на родителите и продавана за пари на највисокиот понудувач. Откако им била одземана невиноста, тие секоја вечер биле [про]давани на највисокиот понудувач, па остатокот од животот го поминувале како „проститутки посветени на божицата“. Иако по 1988 година ваквата примитивна практика е забранета, сепак - во некои делови од земјата - таа се одржува и до ден денес.[16]

За староеврејската забрана на храмска проституција особено ни говорат одредбите од Тората, поточно старозаветната *Петта книга Мојсеева* – каде што се вели:

*Нека нема светилишна блудница меѓу Израилевите ќерки и нека нема храмски блудник [т.е. содомист] меѓу Израилевите синови!*

*Не донесувај во Господовиот дом, ниту за каков [било даден] завет, блудничнa плата [т.е. заработка од проституција]; ниту,*

[15]Повеќе кај Љупчо Арнаудовски, *Предавања по социјална патологија*, Скопје, 1983, 306–307.

[16]http://www.listverse.com/2014/02/11/10-types-of-prostitutes-in-history [последен пат пристапе-но на 15.VIII. 2016].

*пак, кучешки сребреници [од хомосексуалец] – оти и двете му се [гадни и] одвратни на Господа, твојот Бог [Јехова]!*[17]

б) Ако проституцијата – за која има одредба дури и во древниот *Хетитски законик* (ок. XV–XIV век. пр.н.е.),[18] кој важел на територијата на денешна Анадолија т.е. Мала Азија – колоквијално ја именуваме како „најстариот занает на светот“, тогаш трговијата со луѓе би се именувала како најстар и најтежок, иако не и единствен, облик на сексуален криминалитет. Овие две појави секогаш се поврзуваат при нивното разгледување и при утврдувањето на нивните етиолошки и феноменолошки карактеристики, па така и нивното запаѓање една во друга е неминовно, доколку не постојат извесни правила по кои би се одвивала **доброволната проституција**. Дали кривичното дело ќе се третира како *тргување* (*trafficking*) или како проституција, најмногу е врзано за [не]согласноста на жртвата, односно лицето кое се проституира! Во случаи на тргување со малолетно лице, кога се исполнети законските услови за тоа, се смета дека согласноста е ирелевантна.

в) Наспроти доброволната проституција, која се смета за прекршок и своевиден „лајф-стајл“, кога преку примена на разни мерки на воспоставување зависност на проститутките таа се претвора во **присилна проституција**, имаме активирање на инкриминацијата „трговија со луѓе“. Тоа е во случај кога ќе се јават елементи на закана, присила, злоупотреба и сл. – губејќи го доброволниот елемент и трансформирајќи се во присилба и воспоставување *ропски однос*. Затоа, од денешен аспект, констатираме дека за појавата на проституцијата е битна волевата компонента! Ако во Средниот век жената се оддавала на проституција поради немање на општествен статус, наследен од татко или здобиен со брак; ниту, пак, имот – па проституцијата или ситниот криминал биле единствен излез за преживување, денес не би можеле да кажеме дека проституцијата е светлото во тунелот на материјалната безизлезност. Многумина го користат истото како изговор и оправдување, но реално можеме само да го именуваме како најбрз и нискострастен начин на „решавање“ на проблемите.[19]

[17]*Второзаконие*, XXIII, 17–18.

[18]Членот §194 од *Хетитскиот законик* ги регулира слободните полови односи, и во ставот 3 вели: „Ако со робинка или со јавна жена [т.е. проститутка] спијат и татко и син – [нека за нив] нема казна!“.

[19]G. Geltner, “No-woman’s land? On Female Crime and Incarceration – Past, Present and Future”, *Justice Policy Journal*, The Center On Juvenile and Criminal Justice, Vol. VII, № 2, 2010.

### *2. Видови проститутки низ светот*

Развиеноста на видовите проститутки кои ги споменавме погоре не престанува да постои. Тие се доразвиваат или видоизменуваат, согласно просторните и временските услови. Низ историјата, гледано во светски размери, во различни земји и култури познати се и различни називи за различните видови проститутки:

а) Во **Кина** од дамнина постоеле т.н. *Јинг-чи* (*Ying-chi*) кои се првите официјални независни проститутки во Кинеската историја, што во превод значи „камперки“ или „блудници од касарната“. Имераторот Ву прв ги регрутирал како логорски следбенички на припадниците на неговата армија, со цел да ги придружуваат и забавуваат војниците на долгите воени походи. За време на Втората светска војна (1939–1945), во Кина се јавуваат тип на девојки за забава именувани како *жени за задоволство* т.е. „удобни жени“ (*comfort women*).[20]

б) Во **Јапонија**, пак, во почетокот на 1930-те, Јапонската војска регрутирала жени, најчесто од Кореја, за работа во формираните т.н. *удобни станици*. Првично на жените им биле ветувани вработувања, но не биле информирани дека тоа подразбирало работа во бордели за нивна сексуална експлоатација од страна на армијата. Овој вид проститутки, гледано од денешен правен аспект, може комотно да го сместиме во жртви на трговија со луѓе. Во перидот на Втората светска војна, се смета дека скоро 200.000 жени биле регрутирани и врбувани за вакво изживување – тие, не ретко, биле измачувани и физички малтретирани, напаѓани и тепани со цел да бидат принудени на недоброволен секс. Најмладите регрутирани девојчиња имале само 11 години!

в) Низ историјата на **Индија** се разликувале повеќе од десетина видови проститутки, од кои - покрај веќе споменатите Девадаси - ние би ги издвоиле уште следниве две:

- *Ганика* (*ganika*) била индиска кутризана, т.е. локална верзија на јапонската „гејша“. Овие жени уживале висок углед во општеството, а имањето на една од нив значело добра среќа и просперитет за оној кој ги поседува. Ваквите жени никогаш не се мажеле, па затоа и никогаш не можеле да ја доживеат стигмата на вдовици, која била позната во Индиските краишта.

[20] http://listverse.com/2014/02/11/10-types-of-prostitutes-in-history [пристапено на: 15.VIII.2016].

Се смета дека овој тип на проститутки биле елитата во Индиската хиерархија на познати проститутки. Од нив се очекувало дека треба да ги развијат сите уметнички изведувачки вештини. И додека другите видови проституткиноселе пари во домовите на сопрузите и биле третирани како типични домаќинки, убавината на ганиките била опејувана и тие имале почесно место дури и во кралските дворови, а државните закони ги штителе ваквите „елитни придружнички“;

- *Таваифс* (*tawaifs*) биле познати како артистки во Северна Индија во текот на XVIII, XIX и почетокот на XX век. Тие, најчесто, биле танчерки и музичарки – односно биле сметани за надарени уметнички кои настапувале меѓу одбран круг на луѓе. Многу од нив биле и богати, па особено внимателно ги бирале луѓето пред кои ги изведуваале своите перформанси. Ваквата професија и наследство често се пренесувала на ќерките, доколку ги имале, па доколку потекнувале од долга лоза на таваифс им растел и социјалниот статус. Бракот им бил забранет, но можеле да влегуваат во неформални конкубинатски односи кои наликувале на брачните врски.

г) Во древниот **Израел**, според хебрејската Библија, називот за женска проститутка е *зонах* (*zonah*). Таа не била во сопственост на еден маж и не била одговорна за раѓање и подигање на деца. Тие егзистирале надвор од словото на Мојсеевиот закон, со мал број правила кои го диктирале нивното однесување. На свештениците-Левити им било најстрого забрането да стапуваат во брак со овие неугледни, но „искусни жени“; додека останатите Евреи слободно можеле да склучат брак со нив, уживајќи во заедничките сексуални наслади.

д) Кај **Арапите-муслимани**, еден друг покомплициран вид на проститутки е *мутах* (*mut'ah* или *mut'a*). Всушност, се работи за исламски привремен брак во кој двете страни се договараат да склучат краткотраен брак на определено време. Сите делови на бракот, од мираз до физички контакт, можеле да бидат определени претходно во договорот, писмено или усно. Ваквиот договор, всушност, наликувал на „пробен брак“ во кој би се утврдило дали двете страни се коматибилни за заеднички живот, па потоа тие би стапиле во потполн т.е. траен брак. Она што тука е интригантно е тоа дека ваквиот договор можел многу лесно да се изигра и да биде ограничен на само неколку часа, па со право се смета дека со ограниченото време и можноста за паричен надомест, се заобиколувала табу-темата за проституција во муслиманството. На овој начин, мажите и жените можеле да имаат неограничен број на партнери без да почувствуваат никаква верска вина.

ѓ) Гледајќи ја оваа појава од денешен апсект во т.н. Западен свет (Европа и Северна Америка) и компарирајќи ги сите овие различни видови проститутки, неминовно е да ги споменеме развиените форми на директна и индиректна проституција. Под **директна проституција** спаѓаат:

- *ескорт-дамите* или познати како „call-girl", наспроти дамнешните куртизани, кои работат за себе, т.е. самостојно и без посредници, а наплаќаат доста високи цени. Тие се пандан на гејшите и останатите елитни проститутки кои зрачат со убавина, шарм и забавен дух и неретко се ангажираат единствено за придружба на важни деловни или политички настани. Се ангажираат и од страна на лица чија единствена сатисфакција им е да бидат видени во јавност со некоја од нив, нормално за соодветен материјален надомест кој е најчесто многу повисок од сумата за ангажирање на останатите видови пониско рангирани проститутки. Изнајмувањето на овие девојки – кои не ретко се манекенки, топ-модели или „мисици" – се одвива преку современи т.н. ескорт-агенции кои дискретно ги нудат нивните услуги при наоѓање богати клиенти низ целиот свет, а за кои останува значителен процент од заработеното;[21]

- тука исто би ги спомenale и *бордел-девојките* кои работата под капата на борделот и неговиот сопственик. Најпознатите видови проститутки во Холандија [пр. Амстердам], каде проституцијата е легална во сите аспекти, се т.н. *прозорџики* (*window worker*), модифицирана форма на некогашните римски „балконџики", кои како излог-проститутки, стојат на излозите и привлекуваат клиенти од случајните минувачи, кои најчесто се странски туристи;

- „крчмарките", пак, еволуирале во *бар-девојки* и *казино-девојки*, кои првичните контакти со клиентите ги имаат во ноќните клубови – кафетериите или дискотеките. На пример, во баровите на плажите во Тајланд, Филипини и Доминиканската Република момците плаќаат „bar-fees" за да го напуштат клубот со ваква симпатична шанкерка или згодна келнерка и да поминат неколку дена со неа, за кое време ѝ плаќаат секакви трошоци во надомест за сексуални и друг вид интимни противуслуги;[22]

[21]Подетално на: http://www.escort-service-stuttgart.com, https://www.escortamsterdamladies.nl, http://www.69escortsmallorca.com [пристапено на: 15.VIII.2016].

[22]http://www.businessinsider.com/the-6-types-of-prostitutes-and-where-they-work-2013-11 [пристапено на: 15.VIII.2016].

- приватните „патувачки проститутки", кои можат да се добијат преку телефон, постојат и во Англија; а сличен ваков тип *проститутки на повик* се среќаваат под називот "flat prostitutes";[23]

- „уличарките"или „друмските ороспии", вулгарно наречени *курви*, во денешни услови, се оние кои се најподложни на сексуална експлоатација и на можноста да бидат тргувани или убиени.[24]

е) Како прикриена или т.н. **индиректна проституција** во денешни услови се сметаат:

- разните видови на т.н. *еротски масажи* кои се нудат дури и преку огласи во весници каде проституцијата е потполно забранета;

- светски познатото „lap dancing" во *стриптиз баровите* лесно може да го помине прагот кон проституција, особено кога вклучува агресивно нагласени и нападни еротски делови;

- потоа, тука би ги спомenале и дел од актерките, манекенките, пејачките или уметничките кои се ангажирани како „придружнички" т.е. *забавувачки при патување*;

- *промотерките* во кафулиња и клубови кои се ангажирани од големи корпорации за промоција на производот на компанијата, во глобални рамки, исто така можат да бидат доживувани како „лесни жени" кои потенцијално би биле дел од индиректната проституција или порно-индустријата;[25]

- и, конечно, *спонзорушите* т.е. опортунистките кои разменуваат сексуални услуги за добиените подароци, можеби и најлесно се врстуваат во шареноликоста на видовите „скриени проститутки".[26]

---

23 http://www.prostitution.procon.org/view.answers.php?questionID=000096 [пристапено на: 15.VIII. 2016].

24 Тука попатно би спомenале дека во Скопје, главниот град на Р. Македонија, општопознато место за ноќна проституција е околината на Македонската радио-телевизија (МРТВ) – до кејот на левиот брег на реката Вардар.

25 Свингерите, жиголата, нимфоманките, „секс за дрога", „секс за приживување" итн. се само дел од новонастанатите помодарски забавни дружења кои би можеле да инклинираат кон прикриена проституција.

26 Поделбата на видовите проститутки е дадена врз основа на разграничувањата направени од социологот Роналд Вајтзер (Ronald Weitzer). Истражувањето е достапно на: http://www. businessinsider.com/the-6-types-of-prostitutes-and-where-they-work-2013-11 [пристапено на: 15.VIII. 2016].

### *3. Современото третирање на проституцијата*

Третманот на проституцијата од денешен аспект не наидува на глобална унифицираност. Иако како „најстар занает“ таа упорно се одржува, сепак борбата на т.н. **сексуални работнички** за признавање на нивниот занает и легализирање на проституцијата не е ниту од далеку завршена. Решенијата кои ги нудат државите се разновидни, од легализација до инкриминација, но сепак проституцијата се задржува и постои со ист интензитет во сите општества. Нејзиниот правен третман најдобро можеме да го разбереме низ зборовите на италијанскиот психијатар и основоположник на т.н. антрополошка криминолошка теорија – Ломброзо (Cesare Lombroso / 1835–1909) кој вели дека проститутката е „женска слика на машкиот роден злосторник“!?

Скоро секаде е унифициран ставот дека проституцијата носи негативен општествен предзнак – поведение кое не ги задоволува општествените барања на достоинствени и хумани меѓучовечки односи. Затоа, некои наши автори – пр. Арнаудовски, Стојановски и др. – зборуваат единствено за *сузбивање* на појавата врз основа на ослободување на жената од секаков вид на потчинетост, а никако за нејзино потполно спречување или тотално искоренување.[27] Сметаат дека ако криминалитетот е најдобар индикатор за состојбата во едно општество, проституцијата би била најсигурен индикатор за **положбата на жената** во него. Со други зборови, колку и да зборуваме за модерната *еманципација* на жената и нејзино статусно зајакнување, преку слободна можност за избор на партнер и на професија во која би влегол и овој контроверзен „занает“, не можеме да го занемариме фактот дека се става материјален предзнак на нешто кое не може да се продаде – телото! Па така, жената доживува општествена и морална деградација, развивајќи негативен однос кон трудот; полесно се поврзува со криминалитет и останати социо-патолошки појави – од алкохолизам до наркоманија; ги поткопува основаните општествени структури, хармоничниот брак и функционалното семејство, а со сето тоа придонесува и за целосно дестимулирање на мажот да се грижи и со внимание и нежност да пристапува кон жената. Затоа и постои некаков квази-унифициран третман на проституцијата, скоро во сите современи и цивилизирани општества, гледајќи ја најмногу низ призмата на „девијантна појава“.[28]

Значи, денес проституирањето е карактеризирано како социо-патолошка појава – односно многу повеќе како порок, отколку како криминал!

[27]Арнаудовски и Стојановски, op. cit., 45.

[28]Види и: http://www.criminaldefenselawyer.com/crime-penalties/federal/prostitution.htm [пристапено на: 15.VIII.2016].

За таа цел, пак, постојат развиени **поврзани форми на криминалитет** кои се во врска или, пак, се произлезени од проституцијата сама по себе. Така, на пример, се криминализира и казнува: врбувањето, наведувањето, поттикнувањето, намамувањето, подведувањето, предавањето некое лице на друг заради вршење проституција, овозможувањето на друг користење на сексуални услуги и остварување на имотна или друга корист – односно секаквото *посредување* во вршење проституција.[29] Најчесто законодавствата го забрануваат и инкриминираат обезбедувањето, односно посредувањето и овозможувањето на вакви услуги, главно за соодветен материјален надомест. Лицата кои се вклучени директно во сексуалниот однос, во современото право, по правило не се опфатени од кривичните законици и кодификации – па така, „оддавањето на проституција" се смета само за прекршок и најчесто се санкционира со глоба, т.е. парично се казнува.[30]

Но, сепак, правните дилеми неминовно постојат. Конкретно кај нас доста блиски се и инкриминациите *трговија со луѓе* и *трговија со малолетни лица,* особено во делот кој се однесува на **сексуалната експлоатација** – со тоа што е востановено дека кај тргувањето имаме недостаток на волја од страна на оној кој се јавува како проституиран, а кај посредувањето волјата постои. Тука малку е симптоматично супсумирањето на конкретно дело под соодветна инкриминација кога се работи за дете под 14 годишна возраст, дете во ризик, а особено за дете под 7 годишна возраст – каде што постоење на било каква волја е ирелевантно, а постоењето на квалифициран вид „детска проституција" врзано за ниската возраст на детето се поклопуваа со „тргувањето со малолетник". Имено, терминолошки, македонскиот законодавец навлегува од една во друга инкриминација, оперирајќи со доста слични, па дури и исти термини – кои, во пракса, е многу тешко да се разграничат, а со тоа е отежнато и подведувањето на едно вакво дело под соодветна инкриминација. Врбувањето, наведувањето, поттикнувањето или

[29] Така и во нашето законодавство – види особено: чл. 191, чл. 197-а, чл. 418-а и чл. 418-г од *Кривичниот законик на РМ* (1996).

[30] Така и чл. 19 од нашиот *Закон за прекршоците против јавниот ред и мир* (2007): „Кој се оддава на проституција, како и издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција – ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 ЕУР во денарска противвредност. Глоба во износ од 1.500 до 2.000 ЕУР во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице и трговец-поединец кој врши угостителска дејност ако издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција. За прекршокот од ст.2 на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 ЕУР во денарска противвредност".

намамувањето на проституција; или посредувањето, предавањето т.е. учеството во предавање на друг заради вршење проституција; или, пак, овозможувањето на друг користење на сексуални услуги или на друг начин користење на сексуални активности заради остварување на имотна или друга корист;[31] како и употребата на сила или сериозна закана дека ќе се нападне врз животот и телото на дете кое не наполнило 14 години или на нему блиско лице[32] – е скоро невозможно практично да се разграничат со „врбување дете заради експлоатација по пат на користење на сексуални активности за паричен или друг надоместок“,[33] квалифицирано со употреба на сила или сериозна закана – кои, пак, се составен дел од сосема друга инкриминација!?[34]

Гледано пошироко и **споредбено-правно**, правниот третман и не е еднаков секаде и секогаш. САД, кои проституцијата често ја нарекуваат и „американска институција“, во времето на колонизацијата на Северна Америка имале развиена мрежа на бордели по должината на бреговите и руралните подрачја. Заземајќи став дека сузбивањето е невозможно, како и апсолутното превенирање, тогашните власти оставиле т.н. *‘redlight’ области*[35] каде проституцијата била толерирана, иако не и формално дозволена. Кон крајот на XIX век се донеле првите закони со кои се забранува проституцијата, па до 1971 година, во сите држави на САД, освен во некои делови на сојузната држава Невада,[36] проституцијата формално-правно се забранува. Дури и денес, третманот и степенот на санкционирање и казнување е разнолик низ цела Америка: некаде се казнува самиот акт на проституција, а некаде само чинот на посредување.

Во повеќе од 40 од останатите земји во светот **проституцијата е легална**![37] Австралија, Аргентина, Белгија, Бразил, Велика Британија (без Шкотска), Венецуела, Германија, Грција, Данска, Еквадор, Естонија, Етиопија, Италија, Кипар, Колумбија, Луксембург, Панама, Перу, Полска, Португалија, Турција, Шведска итн. – спаѓаат во групата земји каде проституцијата е дозволена, што не значи дека е дозволено сè што е поврзано

[31]Чл. 191-а, ст.3 во врска со ст.1 од КЗРМ.
[32]Чл. 191-а, ст.3 во врска со ст.2 од КЗРМ.
[33]Чл. 418-г, ст.1 од КЗРМ.
[34]Чл. 418-г, ст.2 од КЗРМ.
[35]http://www.criminaldefenselawyer.com/crime-penalties/federal/prostitution.htm [пристапено на: 15.VIII.2016].
[36]http://www.criminal.findlaw.com/criminal-charges/prostitution.html [пристапено на: 15.VIII.2016].
[37]http://www.prostitution.procon.org/view.resource.php?resourceID=000772#germany [пристапено на: 15.VIII.2016].

со неа. Во повеќето земји тоа значи дека лицата кои се проституираат мораат да исполнуваат соодветни услови за тоа, како соодветна возраст, редовни лекарски прегледи и сл., а дека посредувањето и овозможувањето за користење на нивни услуги е сè уште забрането и соодветно инкриминирано:

- на пример *Холандија* е една од ретките европски, па и светски земји каде што проституцијата е легална и детално дефинирана од 2000 год.: лицата кои се оддаваат на вршење проституција мораат да имаат над 18 години, а клиентите над 16. Дозволено е и посредувањето, кое се смета за занает од кој се заработува и живее, како и основањето бордел како трговско друштво;[38]

- истото е дозволено и во *Индонезија*, дотолку повеќе што проституцијата воопшто не е правно дефинирана или изречно забранета;

- *Нов Зеланд*, пак, ја декриминализира проституцијата од 2003, дозволувајќи и отворање на бордели, како и посредување;

- слично е и во *Никарагва*, каде проституцијата е дозволена за лица со најмалку 14 годишна возраст, што ја стимулира и усложнува превенцијата и сузбивањето на детската проституција. Главно, сè повеќе надвиснува процентот на земји каде што проституцијата е легална или со одредени ограничувања на легалноста, наспроти земјите каде постои строга илегалност и инкриминација.

Тука се отвора и **вечната дилема** врзана со соодветниот правен третман на проституцијата: Дали воопшто можеме да зборуваме за нејзино *сузбивање* и *искоренување*, како општествено негативна појава; или, пак, пооптимално е да ја прифатиме како вид „слепо црево“ на современиот поредок и соодветно да ја третираме и уредиме? Ригорозноста во нејзиното третирање и апсолутно забранување досега не дало вистински резултати во ниту едно општество и во ниту една доба – што, пак, скоро истото би можело да се каже и за оние општества каде постои целосна либерализација, декриминализација и легализација!? Злоупотреби и отстапувања имало и ќе има и покрај тенденциите за апсолутна правна уреденост на појавата – па, оттука, се поставува прашањето дали соодветните медицински проверки, постојаноста на условите за нудење услуги и одданочувањето на оние кои се занимаваат со проституција и кои посредуваат ќе значат искоренување на проституцијата или, пак, само нејзино перманентно регулирање и повторно опстојување? Сè уште не постои доволен интензитет и широка временска

[38]http://www.prostitution.procon.org/sourcefiles/NetherlandsPolicyOnProstitutionQ&A2005.pdf [пристапено на: 15.VIII.2016].

постојаност на ваквото третирање за да зборуваме за било какви конечни резултати и „финални решенија". Единствено можеме да заземеме став дека појавата постои, задкулисно, скриено или, пак, нападно и јавно изложена. Начинот на кои ние, како општество, би избрале да живееме со појавата би бил доволен показател за демократскиот, интелектуалниот, цивилизацискиот и хуманистичкиот напредок кои сме го достигнале од римското доба до денес.


## ***Р е з и м е***

## ***(Summary)***

Проституцијата, како социо-патолошка појава, постои и го вознемирува современово општество, исто како во доцната Антика од времето на римските императори. Вечната дилема „за" и „против" **легализацијата на проституцијата** се провлекува на низа научни дебати или јавни полемизирања и секогаш се останува со подвоени ставови кои натежнуваат или кон едната или кон другата страна, во зависност токму од менталитетот, идеологијата или од доминантните општествени струења. *Либерализацијата* на сфаќањата и односите, ослободувањето на сексуалноста од стегите на патријархатот и традиционалниот конзервативизам доведува до рапиден пораст на проституцијата како социо-патолошка појава – која, пак, од друга страна нужно стимулира и појава на низа противправни поведенија сврзани со излегувањето на сексуалниот нагон од контрола, а како најчеста појавна форма е „трговијата со луѓе" – најчесто млади девојки и жени, заради понатамошни злоупотреби и сексуална експлоатација.

## Библиографија

### Класични и средновековни дела

*Biblia Sacra – Vulgatum Clementinam*, Londini, 2005.

*Corpus Iuris Civilis*. MCMLIV (1954).

Plutarh. *Usporedni životopisi.* (Knjiga III). Zagreb: August Cesarec, 1988.

Tacit, Kornelije. *Anali* (preveo: L. Crepajac). Beograd: 1970.

Tacitus, P. Cornelii. *Annales*. Sine loco. Sine anno.

*Дигесты Юстиниана* (DIGESTA IVSTINIANA) – Том III (Книги XII-XIX). Ответственный редактор: Л.Л. Кофанов. [Група уредници и преведувачи]. Москва: Центр изучения Римского права, Юридический Факультет, Московский Государственный Университет им. „М.В. Ломоносова"; Институт всеобщей истории; Российская Академия Наук; "Статут" & Золотая колекция "Консультант Плюс", 2003.

Плутарх. *Славни ликови Антике I и II – Избор из 'Упоредних животописа'.* (Библиотека „Античка књижевност"). Нови Сад: Матица Српска, 1990.

*Свето Писмо – Библија (Стар и Нов Завет)*, Македонска Православна Црква & Британско и иностранo библиско друштво, Лондон, 1990.

Такит, Публиј Корнелиј. *Анали* (Превод од латински и поговор: Љубинка Басотова; Предговор: Војислав Саракински). Библиотека „Сфинга". Скопје: Три, 2005.

Тацит, Корнелије. *Анали*. (Коло LXIII, књига 422). Београд: Српска књижевна задруга, 1970.

### Книги

Borkowski, Andrew & Paul du Plessis. *Textbook on Roman Law* (3rd edition). Oxford and New York: Oxford University Press, [First ed. 1994 and Second ed. 1997], 2005.

Monteskje, [Šarl-Luj]. *O duhu zakona – Tom I*. Preveo i prilozima opremio: Aljoša Mimica. Predgovor: Aljoša Mimica i Veljko Vujačić. (Edicija „Libertas"). Beograd: Zavod za izdavačku delatnost „Filip Višnjič", 1989.

*O duhu zakona – Tom II*. Aljoša Mimica - Prev. (Edicija „Libertas"). Beograd: ZID „Filip Višnjič", 1989.

Апасиев, Димитар. *Историја на правото – Практикум (Старовековните правни споменици)*. [во подготовка за печат].

Арнаудовски, Љупчо. *Предавања по социјална патологија*. Скопје: 1983.

Арнаудовски Љ. и Т. Стојановски. *Трговија со луѓе – криминалитет*. Скопје: Сенпоинт, 2002.

Сулејманов, Зоран. *Криминологија*. Скопје: Графохартија, 2009.

**Специјализирани енциклопедии и речници**

Berger, Adolf. *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law.* New Series, Vol. 43, Part 2. Philadelphia: The American Philosophical Society (+ DIANE Publishing), 1953 [Reprinted 1980 and 1991].

Bujuklić, Žika. *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*. [Prvo izdanje], (Biblioteka „Priručnici"). Beograd: Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005 [Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje - 2006].

**Статии (во зборници, периодики и списанија)**

Hans, O. *Procession in Illustrated History of Prostitution*. London: 1979.

Geltner, G. *Justice Policy Journal* (Vol. VII, № 2). "No-woman's land? On Female Crime and Incarceration – Past, Present and Future". The Center On Juvenile and Criminal Justice: 2010

**Прописи**

*Закон за прекршоците против јавниот ред и мир* (Сл. весник на РМ – 66/2007).

*Јулиев закон за прељуба.*

*Кривичен законик на РМ* (Сл. весник на РМ – 37/1996 и 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11,

185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15).

*Мојсеев законик.*

*Хамурабиев законик.*

*Хетитски законик.*

**Интернет страници**

www.69escortsmallorca.com

www.businessinsider.com

www.criminal.findlaw.com

www.criminaldefenselawyer.com

www.escort-service-stuttgart.com

www.escortamsterdamladies.nl

www.listverse.com

www.prostitution.procon.org